ДВЕ ИЗЛОЖБИ

# МЕРМЕРНАТА СКУЛПТУРА НАСПРОТИ ВИДЕОГРАФИТОТ

*Сашо Саздовски роден во 1976 г., Скопје, 2000 г. дипломира на ФЛУ-отсек вајарство, во моментот е на постдипломските студии на ФЛУ по вајарство*
*Изложба: скулптури, КИЦ-Скопје, 16.10.01*

Сложеното испреплетување на споената крива линија. Каменот тврд и крут се претвора во безматеријална форма дефинирајќи ја со леснотија извитканата и деформираната елипса по која се движи енергијата. Тоа е првичен впечаток од изложбата за која станува збор. Сашо истражува во материјалот доведувајќи го до момент на совршена обработката на мермерот. Совршенство што може да не остави без зборови, но и со дилема-



та дали има потреба од такво совршенство во денешни услови. Како прва самостојна изложба, поставката нуди целосен увид во идејната заднина на авторот што ја носи во себе уште од почетните факултетски денови. Таа целосно се провлекува низ сите скулптури, без разлика на квалитативните особености на материјалите употребени притоа. Сашо како млад автор, кој штотуку се здобил со диплома, демонстрира способност за дисциплинирана и педантна изработка на каменот надминувајќи го притоа академизмот што се учи на факултет. Неговите скулптури од бел мермер се детално обработени, вклучително со измазнувањето на мермерната површина, поставени на постамент од црна гранитна плоча, која овозможува визуелно издвојување на скулптурата во просторот. Освен мермерните скулптури, присутни се и по неколку изработени од дрво и метал. Нивната навидум груба обработка нуди нов момент во неговото младо творештво. Тие го насочуваат авторот да продолжи да ги испитува различните материјали, во кои истата форма го нема истиот естетски призвук. Саздовски го има прифатено предизвикот на совладување на материјалот, густата зрнеста структура на каменот да ја растовари од сопствената тежина.

Наспроти оваа академски апстрактна изложба, во отвореното графичко студио во Музејот на град Скопје се отвори видеоизложба на графити. На петте монитори што беа поставени во галеријата течеше процесот на создавање на графитот. Графитот изведен на различните подлоги што може да ги понуди градското живеење: камион, резервоар, метален кран и ѕидот како еден од најчестите подлоги при изведување на графитот. Неговите графити во себе вградуваат просторно пластично обликување од кое авторот како скулптор не може да избега. Носечката функција на графитот како еден од општествените веќе прифатени супкултурни феномени е присутна, но и тенденцијата тој да стане дел од институционалната политика преку видеодокументацијата како еден од носечките медиуми во современата уметност денес.

Нада ПЕШЕВА

*Борис Петровски роден во 1976 г., Скопје, во 1998 г. дипломира на ФЛУ-отсек вајарство. Изложба: видеоинсталација, Отворено графичко студио, Музеј на град Скопје,18.10.01*

